


















E-COMMERCE
Macedonian Association

# АСОЦИЈАЦИЈА ЗА Е-ТРГОВИЈА НА МАКЕДОНИЈА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## 2023

## Содржина

**РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ, ИНИЦИЈАТИВИ И АКТИВНОСТИ НА АЕТМ 4**

[февруари - мај, 2023] Во партнерство со VISA поддржавме 15 ММСП да отворат свои е-продавници 5

[март, 2023] Втора година по ред организиравме избор на најдобрите во македонската е-трговија 8

[април, 2023] Се одржа годишното собрание на АЕТМ 11

[мај, 2023] Комплетиран првиот дел од бесплатната едукативна платформа за развој на прекуграничната е-трговија во ЦЕФТА - ecommerce4all.eu 13

[мај, 2023] Реализирана #eCommerceMK еко-акција за почисто Водно и вмрежување на членовите 15

[мај-јули] Се реализираше едукативната програма „Е-продажба и развој на е-продавници“ заедно со Семос Едукација 17

[август] Одржавме meetup & networking настан „E-commerce & AI: New Best Friends" 19

[ноември] 6та година по ред успешно ја организиравме конференцијата за е-трговија со тема “Redefining E-commerce: A(i) New Era” 21

[ноември] Го објавивме годишниот извештај од анализата на е-трговијата: „Преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со земјите од Западен Балкан и Европа - 2023“ 23

[ноември] Лансиравме нова веб-платформа за Беџот за верификуван е-трговец, ecommerce.mk/badge 25

[декември] Се формираше Балканската Алијанса за е-трговија и бевме избрани за прва земја Претседавач со Алијансата 27

[декември] Реализиравме три едно-дневни обуки за 30 ММСП со тема „Дигитално подготвени за е-трговија“ 29

**УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И КОНФЕРЕНЦИИ ЗА Е-ТРГОВИЈА 31**

[март, 2023] Учествувавме на конференцијата “Let’s do E-commerce” во Сарајево, БиХ 32

[март, 2023] Учество на „Digital E-commerce Summit 2023” во Љубљана, Словенија 33

[март, 2023] Одржавме предавање на студентите од Економски Факултет, Скопје при УКИМ за можностите кои ги нуди е-трговијата 34

[април, 2023] Учество на Balkan eCommerce Summit во Софија, Бугарија 35

[мај, 2023] Учество на WITCON - конференција на Women in Tech 37

[јуни, 2023] Учество на Visa South East Europe Business Forum на тема "Building Blocks of Digital Economy" 38

[септември, 2023] Учество на INNFEST 2023 во Тирана 39

[октомври, 2023] Посета на Digital Summit - Western Balkans 6 во Сараево 40

[ноември, 2023] Учество на E-commerce Forum во Приштина 41

[ноември, 2023] Учество на Sarajevo Unlimited 42

[декември, 2023] Учество на панел дискусија со тема „eCommerce: Internet as a Tr@de Opportunity" во рамки на CEFTA Week 2023 43

**АЕТМ ВО МЕДИУМИТЕ 44**

[јануари - декември] АЕТМ во медиумите 45

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ, ИНИЦИЈАТИВИ И АКТИВНОСТИ НА АЕТМ

# [февруари - мај, 2023] Во партнерство со VISA поддржавме 15 ММСП да отворат свои е-продавници

Во рамки на проектот „Поддршка на локалните бизниси со помош на е-трговија", кој го реализиравме во партнерство со компанијата Visa, во текот на февруари објавивме Јавен повик насловен "Е-трговија: Супермоќ за локалните бизниси". Јавниот повик беше отворен за сите микро, мали и средни компании кои сè уште не ги продаваат своите производи или услуги онлајн, а имаат потреба од отворање на е-продавница и од зголемување на знаењата и вештините поврзани со е-трговија.

Преку Јавниот повик се доделија вредносни пакети од 1.000 евра за отворање на дополнителен продажен канал – е-продавница во рамки на некоја од 7-те понудени постоечки маркетплејс платформи и нејзина маркетинг промоција, како и обучување на бизнисите за зајакнување на вештините поврзани со е-трговија и дигитален маркетинг.



Со цел доближување на јавниот повик до пошироката публика, организиравме отворен, едукативен нетворкинг настан на кој речиси 80 учесници имаа шанса да се запознаат подетално со јавниот повик, условите за аплицирање, а им беа презентирани и

информациите од спроведеното истражување на компанијата Visa и дел од информациите поврзани со е-трговија од страна на НБРСМ.

На јавниот повик кој беше објавен на 17.02. траеше до 15.03. апицираа 102 микро, мали и средни претпријатија од кои беа одбрани 15 соодветни апликанти. Избраните компании присуствуваа на еднодневен едукативен семинар за е-трговија кој се одржи на 12-ти април во Netaville. Целта на семинарот беше да се едуцираат и да се подготват претставниците од овие компании за продавање онлајн преку платформите на локалниот пазар и одблиску да се запознаат со понудите, условите и начинот на кој функционира секоја маркетплејс платформа посебно, преку презентации во живо од претставници од секоја од вклучените маркетплејс платформи.



Идејата зад реализирање на овој проект е помагање на компаниите да отворат дополнителен продажен канал - е-продавница со цел да добијат нови клиенти, зголемени продажби и унапредена работа преку зајакнување на нивните дигитални вештини за подобро реализирање на своите бизнис цели.

По завршувањето на семинарот, избраните 15 компании ги добија презентациите со условите за работа од секоја од маркетплејс платформите. Избраните компании имаа рок од 2 недели да одлучат на која платформа сакаат да ја отворат својата е-продавница и по избор, компаниите беа поврзани со претставниците на нивната избрана платформа со цел пласирање на нивните производи кое успешно беше комплетирано во текот на мај и јуни.



## [март, 2023] Втора година по ред организиравме избор на најдобрите во македонската е-трговија



Традиционално и оваа година, на 09.03.2023 со свечена манифестација се одржа наградувањето на најдобрите македонски е-трговци, „E-commerce Awards 2023" во DoubleTree by Hilton Skopje. Манифестацијата беше финалната фаза од целокупниот натпревар која се одржа во присуство на членките на АЕТМ, партнерите, жири комисијата и наградените е-трговци.






Изборот на најдобрите од е-трговијата за 2022 се организираше во 5 фази по внимателно дизајниран процес и методологија. Изборот започна со пријавување на е-трговците, каде што повеќе од 150 домашни компании се пријавија за учество на натпреварот.




Оние кои ги исполнуваа условите беа поставени за гласање од јавноста, каде што во текот на јануари и февруари беа собрани 93.390 гласови од 6.584 гласачи. По гласањето од јавноста се формираа ранг листите со финалисти во секоја категорија, за кои следуваше гласање од стручната жири комисијата која се состоеше од 13 членови. Во категориите со 30 или повеќе номинирани компании, листата на финалисти се состоеше од 10 финалисти и потоа на крајот беа избрани 3 победници (1во, 2ро и 3то место), додека во категориите со

помалку од 30 номинирани компании, листата на финалисти се состоеше од 5 е-трговци, од кои еден беше избран за победник.

По собирање на гласовите од јавноста и од стручната жири комисија, согласно воспоставената методологија, при што гласовите од публика учествуваа со 40% во вкупниот ранг и 60% на жири комисијата, беа формирани финалните ранг листи кои ги одредија победниците. Категоријата “Најпопуларна е-продавница ” беше единствената категоријата во која наградата беше доделена единствено врз основа на бројот на гласовите од јавноста.




Сите победници на вторите македонски награди за е-трговија се достапни на **овој линк**.
Галеријата од настанот е достапна на **овој линк**.
Видеото од настанот е достапно на **овој линк**.

## [април, 2023] Се одржа годишното собрание на АЕТМ

На 03.04. се одржа нашето Годишно Собрание на кое присуствуваа повеќе од 100 членови, поддржувачи, партнери и соработници на Асоцијацијата.




Собранието го отвори претседателката на АЕТМ, проследена со поздравни обраќања на Министерот за финансии, Д-р Фатмир Бесими и Директорката на Агенцијата за пошти, Г-ѓа Билјана Аврамовска Ѓоревска.




Во работниот дел на Собранието беше даден осврт на сработените активности во текот на 2022 година, а беше презентиран и усвоен планот на активности за 2023 година на АЕТМ. Презентираните активности предвидени за 2023 се наменети за да ги ги адресираат четирите клучни предизвици на е-трговците: сивата економија, меѓуграничната е-трговија, унапредувањето на понудата и зголемување на едукацијата.




На Собранието исто така беа презентирани и активностите кои беа реализирани во рамки на Алијансата на родова еднаквост на работното место – ГЕА во текот на 2022 година, за чие делување беше отворена подружница во рамките на АЕТМ.

Повеќе информации за оваа активност можете да прочитате на **овој линк**.

## [мај, 2023] Комплетиран првиот дел од бесплатната едукативна платформа за развој на прекуграничната е-трговија во ЦЕФТА - ecommerce4all.eu




Во мај оваа година беше комплетиран првиот дел од бесплатната едукативна платформа за развој на прекуграничната е-трговија во ЦЕФТА, ecommerce4all.eu. Платформата ја развиваше АЕТМ како главен имплементатор, во соработка со останатите асоцијации за е-трговија во регионот.

Развивањето на прекуграничната е-трговија во ЦЕФТА регионот е еден од приоритетите на ЕУ и на владите од регионот, а истовремено и голем предизвик за компаниите кои сакаат да го шират својот бизнис на други пазари со е-трговија т.е онлајн продажба. Имајќи го тоа предвид, оваа бесплатна веб платформа со информативен и едукативен карактер има за цел да ја зголеми конкурентноста на бизнисите за прекугранична е-трговија во седумте ЦЕФТА пазари - Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Црна Гора и Молдавија..

Во мај се комплетираше модулот „Достава", последниот од петте модули кој беа предвидени во првиот дел од развојот на платформата, која е структурирана од следниве модули:

1. Податоци за е-трговија (развиен за сите 7 ЦЕФТА пазари),
2. Регулатива во е-трговија (развиен за сите 7 ЦЕФТА пазари),
3. Успешни приказни од регионот (развиен за сите 7 ЦЕФТА пазари)

4. Е-плаќање (развиен само за С. Македонија, Србија и Босна и Херцеговина) и
5. Достава (развиен само за С. Македонија, Србија и Босна и Херцеговина).

Секој од овие модули содржи релевантни информации специфични за конкретниот ЦЕФТА пазар, како и упатства, прирачници, документи поврзани со темата и видео презентации достапни и на англиски јазик и на локалните јазици од секој од овие пазари.

Од септември 2023 ќе започне надополувањето на модулите за е-плаќање и достава за преостанатите 4 ЦЕФТА пазари и развивање на дополнителен модул за сите - регионален беџ за доверба во е-трговија за сите 7 ЦЕФТА пазари.

Повеќе информации за оваа актовност можете да прочитате на **овој линк**.

## [мај, 2023] Реализирана #eCommerceMK еко-акција за почисто Водно и вмрежување на членовите

Заедно со околу 100 учесници од заедницата за е-трговија и други волонтери ја спроведовме еко-акцијата за почисто Водно. Овој настан имаше за цел да го поттикне единството во секторот за е-трговија додека колективно работи на зачувување на природните убавини на Водно и зголемување на еколошката свест.



Учесниците во оваа инспиративна еко-акција беа поделени во две групи, покривајќи различни локации на планината Водно. Учесниците активно се вклучија во напорите за собирање на отпадоци од Средно Водно, паркинзите, асфалтираниот пат, патеката Бабина, Новогодишната патека и во близината на Милениумскиот крст на врвот на планината. Лиценцираните водичи од планинскиот спортски клуб H2O обезбедија суштинско водство и поддршка во текот на целиот настан, обезбедувајќи ја безбедноста и зголемувајќи ја ефикасноста на учесниците.

Колективното влијание во оваа еко-акција ја покажа посветеноста на учесниците за зачувување на животната средина и по 2 часовната еко-акција имаа можност да се дружат, запознаат и релаксираат во планинарскиот дом „Даре Џамбаз“ на врвот на Водно, да се освежат со пијалоци од Пивара Скопје, да ги пробаат неверојано вкусните хамбургери од

Jojo’s BBQ и да се засладат со здрави десерти од Healthyish. Но, и да се забавуваат на funky музиката на DJ Foodiman. Настанот на врвот на Водно послужи како потсетник за единството и посветеноста на заедницата кон позелена и почиста иднина.



Оваа еко-акција се реализираше со соработка и поддршка од страна на нашите партнери: Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ), нагласувајќи го значењето на еколошката едукација и мобилност, Пивара Скопје како пример за корпоративната општествена одговорност обезбедувајќи освежување за учесниците и поддршка во организацијата и Healthyish ја покажа својата заложба за промовирање на здрав начин на живот.

Повеќе за оваа активност можете да прочитате на **[овој линк]**.

## [мај-јули] Се реализираше едукативната програма „Е-продажба и развој на е-продавници“ заедно со Семос Едукација

Во периодот од мај до јули АЕТМ ја спроведе едукативната програма „Е-продажба и развој на е-продавници“ во склоп на проектот на UNDP “Creating job opportunities for all – Main Phase” чиј имплементатор беше Семос Едукација.




Од оваа обука беа дел 19 учесници кои доаѓаа од различни сектори и индустрии. Преку програмата, тие добија увид во сите процеси кои ја сочинуваат е-трговијата од почеток до скалирање и оптимизација на процесот. Учесниците добија општа слика за потенцијалот на е-трговијата, видовите на е-трговија и информации за тоа како да се постави е-продавница. Преку овие предавања, учесниците дознаа се што треба да знаат за услугите за плаќање и испорака на е-трговија: од достапност до безбедност и профитабилност зад нивната

интеграција. Учесниците научија кои се клучните процеси во позадината на онлајн продавницата и предусловите за успешен и ефикасен модел на работа како и основите на дигиталниот маркетинг со сите релевантни форми и алатки за рекламирање за водење успешен онлајн бизнис.

Целта на оваа обука беше да ги подготви учесниците за нова кариера во полето на е-трговијата кое доживува висок раст, без да имаат потреба од искуство или диплома. Во текот на овој курс за обука, учесниците се стекнаа со потребни вештини кои ќе ги подготват за водење на сопствена е-продавница или за почетна работа во компанија за е-трговија.

## [август] Одржавме meetup & networking настан „E-commerce & AI: New Best Friends"



Со цел проценување на заинтересираноста на вештачката интелигенција, како и доближување на светските трендови до членовите и сите останати заинтересирани, АЕТМ во Europe House Skopje организираше meetup & networking настан на тема „E-commerce & AI: New Best Friends" на кои активно учествуваа повеќе од 60 присутни.

За време на настанот се одржа панел дискусија на која учествуваа:

- Модераторката на панелот, Мери Шешо Најденовска - Оперативен директор на Monks Agency
- Игор Трајковски - Основач на Time.mk и поранешен професор на ФИНКИ
- Христијан Ѓорески - Раководител на оддел за вештачка интелигенција во Emteq, Вонреден професор на ФЕИТ
- Горјан Радевски - Докторант на Машинско учење на KU Leuven



Панелистите несебично ги споделија своите знаења, искуства и размислувања поврзани со е-трговијата и вештачката интелигенција, а одговорија и многу прашања од присутните поврзани со примена на ВИ во работата на нивните бизниси.

По завршување на панелот, дискусијата помеѓу присутните продолжи на нетворкинг дружењето со целата ecommerce заедница.

## [ноември] 6та година по ред успешно ја организиравме конференцијата за е-трговија со тема “Redefining E-commerce: A(i) New Era”




На 14-ти ноември во Националната опера и балет, под мотото „Redefining E-commercfe: A(i) New Era” се одржа 6-тата регионална конференција за е-трговија. Конференцијата беше домаќин на повеќе од 650 учесници од повеќе од 10 земји, а свое излагање имаа повеќе од 30 еминентни говорници кои беа претставници од големи светски брендови како што се Meta, Zalando, Nestle, Allegro, како и претставници од едни од најуспешните регионални бизниси.

Покрај новата локација на одржување на конференцијата оваа година, новост беше и иновативниот пристап на активација во саемскиот дел каде што присутните имаа можност одблиску да се запознаат со присутните компании, да се вмрежат, да споделат искуства и да се здобијат со вредни податоци.

Помеѓу главните теми на овогодинешното издание на конференцијата беа влијанието на маркетплејс платформите во е-трговијата, важноста на податоците, маркетингот и вештачката интелигенција како потпора за успешен бизнис со е-трговија, како и значењето на беспрекорното искуство со онлајн плаќањата и меѓуграничната е-трговија.

На конференцијата ексклузивно беа презентирани и клучните сознанија од годишната анализа за е-трговија на АЕТМ со наслов „Преглед на е-трговијата во Р.С.Македонија и споредба со земјите од Западен Балкан и Европа, 2023 година“. Воедно, во фокусот на овој извештај веќе терта година по ред се става на напредокот на е-трговијата во земјите од Западен Балкан.




Дополнително, еден од главните сегменти кои ја одбележаа овогодишната конференција покрај интензивната регионална промоција е тоа што самата содржина на настанот, планирањето, сета креативна комуникација на социјалните медиуми пред настанот, како и на дента на самиот настан се креираа со помош на вештачка интелигенција што ја издвојува конференцијата од традиционалните настани и ја носи на едно повисоко ниво.

Фотографиите од настанот се достапни на овој линк.
Видеото од конференцијата е достапно на овој линк.

## [ноември] Го објавивме годишниот извештај од анализата на е-трговијата: „Преглед на е-трговијата во Република Северна Македонија и споредба со земјите од Западен Балкан и Европа - 2023“




Како македонска асоцијација која ја претставува и застапува е-трговијата во земјава, заедно со сите засегнати страни работиме и се залагаме за трасирање и олеснување на патот кон забрзан раст и развој на овој значаен и просперитетен сектор. Во таа насока Годишната анализа на е-трговија, дава слика за состојбата со е-трговијата во земјата, споредено со регионот и Европа, за движењата и постигнатиот прогрес, за бариерите и предизвиците и претставува основа за запознавање на јавноста и засегнатите страни, за носење информирани одлуки и делување, како и за креирање на политики и мерки од владините институции, меѓународните развојни организации, невладините организации и останатите засегнати страни.




Оваа година беше објавен петтиот извештај од анализата за е-трговија за 2023, а за време на 6-тата регионална конференција за е-трговија организирана од АЕТМ беа презентирани клучните сознанија од извештајот.

Со помош на податоци од Еуростат, во ова издание се прави анализа на напредокот на е-трговијата во балканските земји во однос на минатата година, но и во однос на европските земји во аспектите на тоа колку се користи интернет, активностите кои се прават на интернет, колку од тие активности се посветени на онлајн купување, како и што и од каде се купува онлајн. Дополнително, направена е и анализа на вредноста и бројот на направените трансакции со платежни картички од Македонци и странци, кон домашни и странски интернет продажни места за Република Северна Македонија. Користени се податоците на Народната Банка на Република Северна Македонија за бројот на интернет продажни места, а направена е и емпириска анализа за уникатниот број на активни е-трговци од страна на АЕТМ. Анализирана е и искористеноста на потенцијалот за раст на е-трговијата преку Logistic Performance Index (LPI) и Network Readiness Index (NRI).

## [ноември] Лансиравме нова веб-платформа за Беџот за верификуван е-трговец, ecommerce.mk/badge




Во дигиталната ера, каде што потрошувачите се потпираат на онлајн платформи за купување и трансакции, воспоставувањето доверба меѓу купувачите и е-трговците е од огромно значење. За таа цел, како дел од проектот на АЕТМ „Градење на подобра заедница за е-трговија“ кој се реализира со поддршка на Консалтинг за стратешки развој во рамки на проектот на УСАИД „Активност за јакнење на деловниот екосистем” беше лансиран информативниот дел на веб платформата - ecommerce.mk/badge посветена на верификуваните и регистрираните е-трговци во С.Македонија.

Функционалностите на оваа платформа засега вклучуваат детални информации за беџот за верификуван е-трговеец, детално објаснет процес за стекнување со беџот, категоризиран регистар на сите регистирани е-трговци во С.Македонија, како и на верификувани е-трговци кои се имаат здобиено со беџот за верификуван е-трговец на АЕТМ и нивни детални профили.

Остатокот од платфотмата ќе вклучува автоматизација на процесите за аплицирање за Беџот за верификуван е-трговец и зачленување во АЕТМ кој ќе биде лансиран во текот на 2024 година.


E-COMMERCE
Macedonian Association
Почетна
За Беџот
Е-трговци
Аплицирај
Поплаки
Зачлени се во АЕТМ
Кон АЕТМ
Контакт
Регистар на Е-трговци
Имаш аплицирано е-плаќање на твојата е-продавница и те нема во регистарот?
Пиши ни за да те додадеме
Пребарај
Облека, обувки и модни додатоци (85)
Други услуги (72)
Комерцијална банка
HALKBANK
NLB Banka
УНИБанка
Напомена: Оваа листа ги содржи само е-трговците кои се пријавени како регистрирани во една од петте банки кои нудат е-плаќање во нашата земја. Листата се ажурира на квартално ниво. Ако некој е-трговец има регистрирано правен субјект надвор на нашата земја, истиот нема да биде достапен на оваа листа.
Вклучени се е-трговците кои имаат направено најмалку една успешна трансакција во период 01.01.2022 – 30.04.2023.
24apteka.mk
24vakti.mk
2win.mk


Беџ за верификуван е-трговец
издаден: 31/03/2021 - валиден: 31/03/2024
ВЕРИФИКУВАН
Е-ТРГОВЕЦ
Компанија
А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ
ЕДБ
MK4080015554205
Web
a1.mk
Адреса
Плоштад Пресвета Богородица бр. 1
Телефон
077 1234
E-mail
kontakt@a1.mk
Проверени се следните елементи
Идентитетот на трговецот
Информации во однос на производи/услуги
Информација за начин на наплата
Информација во однос на достава
Политика за приватност и заштита на лични податоци
Беџот за верификуван е-трговец е издаден на 31/03/2021 год.
Со ова потврдуваме дека е-продавницата на А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ a1.mk ги исполнува сите критериуми за добивање на Беџ за верификуван е-трговец. Беџот се издава за период од една година.
Беџот е валиден до 31/03/2024 год.
Беџот за верификуван е-трговец се издава од:
E-COMMERCE
Macedonian Association
*Беџот за верификуван е-трговец е заштитена трговска марка и право на користење имаат само верификувани е-трговци.

## [декември] Се формираше Балканската Алијанса за е-трговија и бевме избрани за прва земја Претседавач со Алијансата



АЕТМ заедно со Асоцијациите за е-трговија на Србија, Босна и Херцеговина и Албанија, потпишаа Меморандум за формирање на Балканска Алијанса за е-трговија која ќе се залага за олесување и унапредување на регионалната е-трговија. Формирањето на Балканската алијанса беше поддржано од Отворениот регионален фонд за Југоисточна Европа – Надворешна трговија, спроведен од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), поддржан од Германија и ЕУ, во чии канцеларии беше потпишан меморандумот.

Претседателката на Асоцијацијата за е-трговија на Македонија, Нина Ангеловска Станков, беше изгласана за прв Претседател на Балканската Алијанса за е-трговија (анг. BECA – Balkan eCommerce Alliance). Тимот на АЕТМ и Нина, како нејзин прв претседател ќе ја предводат работата на Алијансата во првата година со оглед на тоа што АЕТМ е прво формирана асоцијација во регионот, со најголемо искуство и подготвеност, а изборот на претседателката го поддржаа сите Асоцијации.

Алијансата се состои од следните органи на управување - Собрание, Управен одбор, Претседател на Управниот одбор и на Собранието, главен координатор и национални координатори за секоја земја.

Активностите на Алијансата ќе бидат насочени кон создавање на подобра иднина на прекуграничната е-трговија на Балканот, преку креирање политики поврзани со е-трговија и лобирање за промени, но исто така ќе се работи и на решавање на различни предизвици од синџирот на е-трговија. Ова вклучува решавање на прашања поврзани со царинските такси, административни пречки, заеднички стратегии за испорака, регулаторни рамки и многу повеќе. Алијансата ќе служи и како основа за споделување информации, знаења, мислења и практики помеѓу членките.

## [декември] Реализиравме три едно-дневни обуки за 30 ММСП со тема „Дигитално подготвени за е-трговија“



Иницијативата „Дигитално подготвени за е-трговија” (анг. Digitally Fit for E-commerce), поддржана од Проектот на УСАИД за економски развој, управување и раст на претпријатијата (EDGE), а спроведувана од страна на АЕТМ како водечки имплементатор во соработка со Албанската асоцијација за е-трговија - AECA има цел да ги унапреди дигиталните вештини на 60 избрани компании од двете земји и да им помогне да отворат дополнителен канал за продажба, преку поврзување со локалните веб платформи за е-трговија.

Учесниците во програмата се микро, мали и средни претпријатија и регистрирани индувидуални производители кои доаѓаат од следниве три сектори: агро производство (производи од свежи или процесирани овошја и зеленчук), лесно производство – облека и текстил и преработка на дрво и производство на мебел и влезен туризам за следниве видови туризам: екотуризам, рурален туризам и авантуристички туризам.



Во склоп на програмата, во текот на месец декември избраните апликанти учествуваа на три едукативни тренинг сесии кои имаа можност да ги следат и со физичко присуство во Иннофеит, како и онлајн преку Zoom.



Согласно претходно спроведено истражување помеѓу избраните апликанти, тренинзите беа адаптирани според нивните специфични потреби и преку активна дискусија и практични примери темелно се разработија следните теми:

- „Како правилно да го позиционирате вашиот бренд на пазарот со правилна содржина" со Дарјан Раденковиќ, сопственик на креативната агенција Жар Птица
- „Создавање ефикасна стратегија за дигитален маркетинг и избирање на вистинските маркетинг канали за вашиот бизнис" со Мартин Китановски, основач на Monks Agency
- „Продажба и анализа на податоци за зголемен раст на бизнисот" со Денис Ампов, Country Manager за Ananas.mk




За време на последната тренинг обука на настанот се придружија и претставници од Mitra.mk, kliknijadi.mk и Ananas.mk кои накратко ги презентираа своите маркетплејс платформи и условите за работа. По завршување на овие сесии, во текот на 2024 година од страна на АЕТМ, 30-те компании учесници ќе бидат поврзани со локалните постоечки маркетплејс платформи за е-трговија со цел да започнат со онлајн продажба на нивните производи и услуги преку отварање на е-продавница.

Фотографиите од обуките се достапни на следните линкови: Обука 1 | Обука 2 | Обука 3
Видеото од тренинг програмата е достапно на овој линк.

# УЧЕСТВО НА НАСТАНИ И КОНФЕРЕНЦИИ ЗА Е-ТРГОВИЈА

Во изминатата година, Асоцијацијата за е-трговија на Македонија активно учествуваше на различни индустриски настани и иницијативи, покажувајќи ја нашата посветеност за унапредување на е-трговија во регионот. Зедовме активна улога и како говорници, и како учесници на 11 конференции низ седум земји од каде произлегоа бројни можности за вмрежување, воспоставување на партнерства, споделување искуства и дискусии.

# [март, 2023] Учествувавме на конференцијата “Let’s do E-commerce” во Сарајево, БиХ




На 16.03.2023 се одржа првата конференција за е-трговија во организација на нашиот регионален партнер, “eComm” Asocijacija BiH на тема “Let’s do eCommerce”. На конференцијата како говорник учествуваше претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска како панелист во дискусија на тема „Concept of Digital economy: e-invoicing & e-fiscalization” заедно со претставници од екосистемот на е-трговијата од Албанија, Србија и Босна и Херцеговина.





## [март, 2023] Учество на „Digital E-commerce Summit 2023” во Љубљана, Словенија




Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска беше дел од Digital E-commerce Summit 2023 на кој ги презентираше наодите и пронајдоците од [пазарната анализа] на тема „Гео-блокирање во CEFTA регионот“ која АЕТМ ја изготви во февруари, 2022 година. Во презентацијата беа опфатени причините за идентификуваните гео-блокинг практики, интервјуата спроведени со претставници од мапираните е-продавници и нивната опсервација преку „mystery shopping”.

## [март, 2023] Одржавме предавање на студентите од Економски Факултет, Скопје при УКИМ за можностите кои ги нуди е-трговијата

Поканети од проф. Д-р Ежени Брзовска, Генералниот секретар Виктор Стојкоски и проектниот менаџер на АЕТМ, Марија Ристовска беа гости-предавачи на предметот „Управување со маркетинг канали“ каде што споделија информации за е-трговијата во земјата, вклучувајки ја состојбата на е-трговија во Македонија и кои се бенефити од е-трговијата наспроти традиционалната трговија.




Дополнително, тие со студентите споделија на кој начин може да се дојде до безбедна е-продавница со помош на ресурсниот центар на АЕТМ, ecommerce4all.eu и беџот за верификуван е-трговец.

## [април, 2023] Учество на Balkan eCommerce Summit во Софија, Бугарија




Првиот Balkan eCommerce Summit во организација на Академијата за е-трговија во Бугарија се одржа од 4 до 5 април во Sofia Tech Park, а помеѓу присутните имаше 450 претставници од Македонија, Романија, Грција, Бугарија, Србија и Хрватска.







За време на настанот имаше панел-дискусии и презентации за поединечните пазари на Балканот кои ги презентираа претставници од соодветните пазари, а состојбата на

македонскиот пазар ја презентираа Претседателката и проектниот менаџер на АЕТМ, Нина Ангеловска и Марија Ристовска.

## [мај, 2023] Посета на Shoptalk Europe во Барселона

Во текот на изминатите две години, АЕТМ е медиумски партнер на еден од најголемите светски настани за е-трговија, Shoptalk Events. Оваа година, европската верзија на Shoptalk се одржа во Барселона, Шпанија на која присуствуваа проектниот менаџер на АЕТМ, Марија и Бојана како дел од маркетинг тимот.




На овој тридневен настан присуствуваа 3500+ учесници на екосистемот на е-трговија кои се запознаа со сите оние новости во дигиталниот свет на кои вреди да им се обрне внимание, без разлика дали доаѓаа од мал бизнис, или пак беа дел од голема компанија со долга историја. Нашите претставници имаа шанса ги слушнат презентациите, како и да имаат состаноц со претставници од најголемите брендови како што се Farfetch, Amazon, Zalando, Pinterest, Meta и Ikea и многу други инспиративни брендови.

# [мај, 2023] Учество на WITCON - конференција на Women in Tech






Во мај оваа година се одржа првата конференција на Women in Tech - WITCON на која АЕТМ и ГЕА беа горди поддржувачи. На конференцијата имаше повеќе од 250 присутни, и низ својата внимателно скроена агенда, конференцијата покри некои од топ темите во tech индустријата, а дел од говорниците беше и претседателката на АЕТМ и ГЕА, Нина Ангеловска. која ги сподели своите 8 P's of Entrepreneurship како суштински дел од нејзиното претприемничко исксутво.

# [јуни, 2023] Учество на Visa South East Europe Business Forum на тема "Building Blocks of Digital Economy"




На 8-ми јуни се одржа Visa SEE Бизнис форумот во Котор, Црна Гора на кој учествуваше претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска како панелист заедно со претставници од Асоцијациите за е-трговија од регионот кои дискутираа за клучните фактори за успех на е-продавниците, состојбата на е-трговијата во пазарите на Балканот и предизвиците кои треба да се надминат за поедноставена прекугранична е-трговија.

# [септември, 2023] Учество на INNFEST 2023 во Тирана



Во септември во Тирана, Албанија во организација на Албанската асоцијација за е-трговија се одржа INNFEST, тридневен настан посветен на дигиталните технологии, иновации и нивниот динамичен и брз развој.

Дел од тридневната програма полна со нетворкинг и вредни содржини за претприемништвото и е-трговијата во регионот беше и панел дискусија со нашите регионални партнери на која се разговараше за регионална соработка низ е-трговијата, моменталната состојба на е-трговијата во БиХ, Албанија, Бугарија, Србија и предизвиците со кои се соочуваат овие земји на која учествуваше проектната менаџерка на АЕТМ, Марија Ристовска.

# [октомври, 2023] Посета на Digital Summit - Western Balkans 6 во Сараево




Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска и проектната менаџерка Марија Ристовска учествуваа на Digital Summit - Western Balkans 6 кој шеста година по ред се организира од Министерството за комуникација и транспорт на Босна и Херцеговина. На дводневниот настан учество земаа повеќе од 500 учесници, 150 компании и повеќе од 100 панелисти. Во текот на настанот, учесниците имаа можност да се вклучат во информативни дискусии, да присуствуваат на панел сесии, да ги истражуваат најновите технологии и да се поврзат со клучните играчи во дигиталниот развој на регионот и пошироко. Дигиталниот самит послужи како платформа за споделување знаења, искуства и најдобри практики за стимулирање на дигиталната трансформација и економскиот раст во Западен Балкан.

## [ноември, 2023] Учество на E-commerce Forum во Приштина




Заменик претседателот на АЕТМ, Филип Чижбановски учествуваше на панел дискусијата „Challanges and Opportunitie in Cross-Border E-commerce in the Region" како дел од E-commerce Forum кој се одржа во пришитна во организација на Банкарската асоцијација на Косово со поддршка од компанијата Visa.

# [ноември, 2023] Учество на Sarajevo Unlimited




Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска беше дел од панел дискусија на темата „Buying Smart: Building a Digital Marketplace" на која заедно со панелистите го анализираа дигиталниот пазар во регионот, навиките на онлајн купувачите и важноста на следењето на трендовите и нивно имплементирање на платформите за е-трговија.

# [декември, 2023] Учество на панел дискусија со тема „eCommerce: Internet as a Tr@de Opportunity" во рамки на CEFTA Week 2023



Претседателката на АЕТМ, Нина Ангеловска во склоп на CEFTA Week 2023 беше дел од панел дискусијата „eCommerce: Internet as a Tr@de Opportunity" заедно со модераторот на панелот, Здравко Илиќ и панелистите Здравко Илиќ, Марчела Поношеци, Газмир Мани, Матија Лацо и Татјана Максимовиќ Вујисиќ.

За време на дискусијата, панелистите ги споделија своите видувања на тоа кои се најголемите пречки кои стојат на патот на прекуграничната е-трговија во CEFTA регионот и активностите кои нивните организации ги преземаат.

Покрај многуте останати активности, за време на панелот претседателката на АЕТМ ја сподели една од најактуелните во кои АЕТМ активно учествува за отклучување на потенцијалот на прекуграничната е-трговија а тоа е основањето на Балканската алијанса за е-трговија - BECA. Алијансата се основа од страна на Асоцијациите за е-трговија на Македонија, Србија, БиХ и Албанија чии пазари се дел од CEFTA, а тимот на АЕТМ со претседателката Нина Ангеловска во претстојната година ќе го раководат првото претседателство на Алијансата.

# АЕТМ ВО МЕДИУМИТЕ

# [јануари - декември] АЕТМ во медиумите

Во текот на целата 2023 година, АЕТМ има гостувано во неколку ТВ емисии, има изготвено и споделено 25 ПР соопштенија до македонските медиуми кои резултираа со повеќе од 300 објави на повеќе од 30 медиумски веб-портали.












| Наслов | Објавени вести | Линк од вест | Медиуми (онлајн, печатени и ТВ) |
|---|---|---|---|
| АЕТМ: Над 100 пријавени е-трговци за 'Ecommerce Awards 2022', рокот за пријавување истекува во петок | 13 | Линк | **[Веб портали и магазини]** **mk.bloombergadria.com, skopje1.mk, emagazin.mk, kumanovskimuabeti.mk, mk.tv.21.tv, nezavisen.mk, 24info.mk, skopjeinfo.mk, a1on.mk, biznisvesti.mk, plusinfo.mk, denesen.mk, radiomof.mk, kanal5.com.mk, netpress.com.mk, frontline.mk, kurir.mk, idividi.com.mk, brif.mk, press24.mk, vecer.press, republika.mk, info.mk, usb.mk, mms.mk, mkd.mk, slobodnaevropa.mk, kajgana.com, vesnik.com, vecer.mk, expres.mk, novatv.mk, slobodenpecat.mk, smartportal.mk, popularno.mk, crnobelo.com, 24nfo.mk, opserver.mk, mia.mk, instore.mk, makpress.mk, vocentar.com, inovativnost.mk, faktor.mk, lokalno.mk, civilmedia.mk, kapital.mk, infomax.mk, zoom.mk, puls24.mk, it.mk, bankarstvo.mk, bankometar.mk, pari.com.mk, makfax.com.mk, 24.mk, meta.mk, publikum.mk, fakulteti.mk,** |
| АЕТМ: Со македонски картички кон македонски е-трговци реализирани 17,3 милијарди денари во првите девет месеци лани | 14 | Линк | |
| АЕТМ: За само неколку денови - повеќе од 4000 гласачи на Наградите за е-трговија | 9 | Линк | |
| Објавена жири комисијата за E-commerce Awards, преостанува уште 1 ден за гласање | 8 | Линк | |
| АЕТМ објави Јавен повик за поддршка за отворање на нови е-продавници | 10 | Линк | |
| Доделени наградите за е-трговија за 2022 година, погледнете кои се победниците | 9 | Линк | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Во 2022 година кон домашните е-трговци се слеале 394 милиони евра | 6 | Линк | **tocka.com.mk, libertas.mk, mtm.mk, centar.mk, makfaks.com.mk, fokus.mk, ohridnews.mk, 4news.mk, kariera.mk, mrt.com.mk, mnet.mk, utrinskivesnik.mk, konekt.mk, tvpaket.com.mk, izvoz.mk, telefoni.mk, marketing365.mk, bakometar.mk, vesti.mk, denesmagazin.mk tocka.mk, mk.tv21.tv, ekran.mk, stylist.mk, alsat.mk, dw.com, lider.mk, ktv.mk, mk.tv21.tv, 360stepeni.mk, ekran.mk, novamakedonija.mk, sitel.com.mk, telma.com.mk, vesti.mk, Капитал**<br><br>**[ТВ и радио]**<br><br>**МРТ 1, Телма, Сител, Канал 5, Алсат, ТВ Емисија „Само прашај“, City Radio и Канал 77**<br><br>**ТВ Гостувања**<br>- **МРТ - Гостување 1**<br>- **Телма - Гостување 2**<br>- **МРТ - Гостување 3**<br>- **Bloomberg Adria - Гостување 4**<br>- **Bloomberg Adria - Гостување 5** |
| АЕТМ: Каде и колку купуваат онлајн Македонците со платежните картички во странство? | 26 | Линк | |
| Со заедничка веб-платформа за е-трговија ќе се зголемува конкурентноста на бизнисите во регионот | 9 | Линк | |
| Успешно реализирана еко-акција на Водно со заедницата за е-трговија | 13 | Линк | |
| АЕТМ: Од каде и колку купуваат онлајн странските иматели на платежни картички од македонските е-трговци? | 17 | Линк | |
| АЕТМ: Кон домашните е-трговци се слеале 123.1 милиони евра во првите три месеци од 2023 година | 7 | Линк | |
| Во ноември ќе се одржи 6. Годишна регионална конференција за е-трговија | 15 | Линк | |
| Огромен интерес од регионот за конференцијата за е-трговија „Redefining E-commerce: A(i) New Era” | 7 | Линк | |
| Е-трговијата продолжува да расте – 18.5% раст во првото полугодие, 48 нови е-продавници започнаа онлајн продажба | 7 | Линк | |
| Големи светски брендови ќе зборуваат за редефинирање на е-трговијата со вештачката интелигенција во Скопје | 8 | Линк | |
| АЕТМ објавува нов Јавен повик за зајакнување на дигиталните вештини и отварање нови е-продавници: „Дигитално подготвени за е-трговија“ | 11 | Линк | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вештачката интелигенција во фокусот на претстојното издание на конференцијата за е-трговија | 17 | Линк | |
| Со преку 30 говорници и 600 домашни и странски гости во вторник ќе се одржи најголемото 6. издание на Конференцијата за е-трговија | 9 | Линк | |
| 6-та регионална конференција за е-трговија: „Redefining E-commerce: A(i) New Era" | 49 | Линк | |
| Нина Ангеловска избрана за прв претседател на Балканската алијанса за е-трговија | 16 | Линк | |
| Започна пријавувањето за избор на најдобрите е-трговци за 2023 | 9 | Линк | |
| Објавен првиот регистар на верифицирани и регистрирани е-трговци во Македонија | 12 | Линк | |
| **ВКУПНО** | **301** | | |

###